БОРИС ТРАЈКОВСКИ

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**на Друштвото за изградба, управување и издавање**

**на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

**за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година**

Друштво за изградба,управување и издавање
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 05 - 363/1
16. 04 2019 год.
СКОПЈЕ

**Скопје, Април 2019 година**

**СОДРЖИНА**


1. **Воведни напомени**
2. **Клучни податоци за работењето во 2018 година**
3. **Извештај за финансиската состојба**
4. **Извештај за сеопфатна добивка**
5. **Извештај за промените во главнина**
6. **Извештај за промените на капиталот**
7. **Извештај за парични текови**
8. **Белешки кон финансиските извештаи**
9. **Активности на Друштвото во текот на 2018 година**

БОРИС ТРАЈКОВСКИ
info@scboristrajkovski.gov.mk | www.scboristrajkovski.gov.mk

ИЗВЕШТАЈ НА РАКОВОДСТВОТО

*До единствениот содружник на Друштвото за изградба управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје - Влада на Република Македонија*

Во рамките на Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година изработен од раководството се приложените финансиски извештаи:

- Извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година;

- Извештај за сеопфатна добивка;

-Извештај за промени на сопственичката главнина;

-Извештај за парични текови за годината што тогаш завршува и

-Преглед на значајни сметководствени политики и останати белешки.

Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година е изработен во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва.

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

**Александар Петровски**
**Управител**

## 1. Воведни напомени

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е основано во Јули 2006 година од Владата на Република Македонија со основна цел доизградба на комплексот на Спортскиот Центар (порано викан повеќенаменска сала) во Скопје, која претходно беше започната да се гради од страна на Град Скопје.

Основачкиот влог на Друштвото на 01.01.2017 изнесуваше 1.284.676.661,00 денари, кои се состои од 1.349.340.000,00 денари паричен влог и 115.336.661,00 денари непаричен влог, односно влог во основни средства. Во текот на 2016 година е зголемен паричниот влог за 180.000.000,00 ден,со што состојбата на основачкиот капитал на крај на 31.12.2016 година.изнесува 1.464.676.661,00 денари.исто толку изнесува и на крај на 2017 год.Во тек на 2018 година паричниот влог е зголемен за 16.100.000,00 денари со што на 31.12.2018 година паричниот влог на друштвото изнесува 1.480.776.661,00 ден

Основна дејност на Друштвото е издавање и управување со сопствен недвижен имот, класифицирано согласно НКД со шифра 68.20.

Бројот на вработени на крај на 2018 е вкупно 75, а на крај на 2017 беа 76.

Управител на Друштвото од 03.08.2017 година е Александар Петровски.

Од страна на Влада на Република Македонија е именуван Надзорен одбор, кој се состои од 5 члена и неговата работа е регулирана со одредбите на Законот за Трговски Друштва.

Членовите на Надзорниот одбор примаат месечен надомест од 5.000,00 денари во нето износ, а претседателот 7.000,00 денари во нето износ. Во текстот подоле е табелата со годишните примања на членовите на Надзорниот одбор, согласно одредбите на член 384 став 2 точка 7 од ЗТД.

| | Име и презиме | **Неисплатен надомест од 2017 година** | **Пресметан надомест 2018 година** | **исплатени надомести 2018** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ѓорги Галетановски | 5000 | 30000 | 35000 |
| 2 | Роберт Радески | 5000 | 60000 | 65000 |
| 6 | Мишо Марковски | 7000 | 84000 | 91000 |
| 7 | Арлиинда Меметај | 5000 | 20333 | 25333 |
| 8 | Стефан Трајковски | 5000 | 60000 | 65000 |
| 9 | Муедин Зибери | 0 | 35484 | 35484 |
| 10 | Горан Шумански | 0 | 30833 | 30833 |
| | вкупно | **27000** | **320650** | **347650** |

Роберт Радески, Мишо Марковски, Муедин Зибери, Горан Шумански и Стефан Трајковски се членови на Надзорен одбор.

## 2. КЛУЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2018 година

Во табелата подоле се дадени клучните бројки од работењето во 2018 година споредено со 2017 година.

| ред број | позиција | износ | |
|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2017 |
| 1 | **I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | 117.824.931 | 88.575.222 |
| 2 | **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | 128.808.550 | 104.911.408 |
| 3 | **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 46.223 | 334.953 |
| 4 | **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 676.514 | 185.079 |
| 5 | **Добивка од редовно работење** | | |
| 6 | **Загуба од редовното работење** | (11.613.910) | (16.186.312) |
| 7 | **Данок на добивка** | | |
| 8 | **Нето добивка за деловната година** | | |
| 7 | **НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | (11.613.910) | (16.186.312) |

**Приходите од работењето на друштвото се зголемени за 29.249.709,00 денари или 133,02% во однос со предходнатагодина, а расходите се зголемени за 23.897.142,00 денари или 122,88% од предходната година, што дава резултат од намалување на загубато од 4.572.402,00 денари или 28,25% помалку во однос на предходната година.**

| ред број | позиција | износ | |
|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2017 |
| 1 | **АКТИВА**<br>**А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА**<br>**(002+009+020+021+031)** | 2.839.171.746 | 2.830.752.038 |
| 2 | **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 29.794.113 | 34.784.052 |
| 3 | **В. АВР** | 21.213.219 | 32.495 |
| 4 | **ВКУПНА АКТИВА:**<br>**СРЕДСТВА** | **2.890.179.078** | **2.865.568.585** |
| 5 | **В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | 116.094 | 126.414 |
| 6 | **ПАСИВА**<br>**А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**<br>**(066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)** | **2.508.240.149** | **2.497.754.795** |
| 7 | **ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | 1.480.776.661 | 1.646.676.661 |
| 8 | **ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)** | (258.688.197) | (261.071.522) |
| | **РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ** | 1.297.765.595 | 1.310.335.968 |
| 9 | **ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | |
| 10 | **ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | (11.613.910) | (16.186.312) |
| 11 | **Б. ОБВРСКИ** | **287.967.344** | **268.708.946** |
| 12 | **ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | 93.971.585 | 99.104.844 |
| 13 | **ВКУПНА ПАСИВА:**<br>**ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)** | **2.890.179.078** | **2.865.568.585** |
| 14 | **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | **116.094** | **126.414** |

## 3. Извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 ( во илјада денари )

| | Белешка | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековнисредства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | **13** | 2,521,319 | 2,536,386 |
| Нематеријални средства | **14** | 0 | 0 |
| Вложувања во недвижности | **15** | 317,853 | 294,366 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **2,839,172** | **2,830,752** |
| **Тековнисредства** | | | |
| Парични средства и еквиваленти | **16** | 12,546 | 16,008 |
| Побарувања од купувачи | **17** | 6,828 | 6,968 |
| Залихи | **18** | 246 | 615 |
| Побарувања за дадени аванси | **19** | 2,117 | 2,217 |
| Останати тековни средства и АВР | **20** | 29,270 | 9,009 |
| **Вкупно тековни средства** | | **51,007** | **34,817** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **2,890,179** | **2,865,569** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Запишан Капитал | | 1,480,777 | 1,464,677 |
| Резерви | | 1,297,766 | 1,310,336 |
| Добивка(загуба) за финансиска година | | (11,614) | (16,186) |
| Акумулирана добивка(загуба) | | (258,688) | (261,072) |
| **Вкупно капитал** | | **2,508,240** | **2,497,755** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | **21** | 195,368 | 195,368 |
| Долгорочни резервирања | **22** | 21,156 | 0 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **216,524** | **195,368** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | **23** | 68,557 | 68,823 |
| Обврски за примени аванси | **24** | 2,623 | 3,336 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | **25** | 94,235 | 100,287 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **165,415** | **172,445** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | **381,939** | **367,814** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **2,890,179** | **2,865,569** |

**4.Извештај за сеопфатна добивка за годината што завршувана 31 декември 2018** ( во илјада денари )

| | **Белешка** | **31 декември 2018** | **31 декември 2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | **5** | 70,999 | 83,067 |
| Оперативни приходи | **6** | 46,826 | 5,508 |
| | | **117,825** | **88,575** |
| **Расходи** | | | |
| Потрошени материјали, енергија и набавна вредност | **7** | (23,972) | (18,051) |
| Трошоци за вработени | **8** | (26,245) | (27,595) |
| Расход за амортизација | **13** | (43,006) | (42,975) |
| Останати оперативни расходи | **9** | (35,586) | (16,290) |
| | | **(128,809)** | **(104,911)** |
| | | - | - |
| **Добивка од редовно работење** | | **10,984** | **16,336** |
| Финансиски приходи | **10** | 46 | 335 |
| Финансиски расходи | **11** | (677) | (185) |
| | | **(630)** | **150** |
| **Добивка (-) Загуба пред одданочување** | | **(11,614)** | **(16,186)** |
| Данок од добивка | **12** | - | - |
| **Нето добивка пред оданочување** | | **(11,614)** | **(16,186)** |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | | **(11,614)** | **(16,186)** |
| **СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ ШТО ПРИПАЃА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ** | | **(11,614)** | **(16,186)** |

**5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА во годината што завршува на 31 декември 2018 година (Во илјади Денари)**

| | **Основачки капитал** | **Законска/ревалоризациона резерва** | **Акумулирана добивка/ (загуба)** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2017** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(261,072)** | **2,513,941** |
| Ревалоризација на средства | | | | |
| Нето(загуба) за 2017 година | | | (16,186) | (16,186) |
| Останата сеопфатна добивка | | | | |
| **Вкупна сеопфатна (загуба) на 31 декември 2017** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(277,258)** | **2,497,755** |
| | | | | |
| **На 1 јануари 2018** | **1.464.677** | **1.310.336** | **(277.258)** | **2.497.755** |
| Зголемување на основачки влог и упис во Централен Регистер на РМ | 16.100 | | | 16.100 |
| Ревалоризација на средства | | 5.999 | | 5.999 |
| Нето(загуба) за 2016 година | | | (11.614) | (11.614) |
| Разлика мегу набавна и ревалоризациона вредност | | (18.570) | 18.570 | 0 |
| Останата сеопфатна добивка | | | | |
| **Вкупна сеопфатна (загуба) на 31 декември 2018** | **1,480.777** | **1,297.766** | **(270.302)** | **2.486.141** |

**6.Извештај за промените на капиталот за годината која завршува на 31 декември 2018** ( во илјада денари )

| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
|---|---|---|
| **А. Готовински текови од оперативни активности** | | |
| Добивкапредодданочување | **(11,614)** | **(16,186)** |
| Усогласувањеза: | | |
| Амортизација | 44,163 | 42,975 |
| Зголемување/намалување на залихи | 369 | (413) |
| Зголемување/намалување на побарувања од купувачи | (2,864) | 2,696 |
| Зголемување/намалување на дадени аванси | 100 | (2,171) |
| Зголемување/намалување на останати побарувања | (17,257) | (8,724) |
| Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачи | (266) | (55,653) |
| Зголемување/намалување на долгорочни резервирања | 21,156 | (161) |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | (6,765) | (10,874) |
| **Нето(одливи)/ приливи од оперативни активности** | **27,022** | **(48,512)** |
| **Б.Готовински текови од инвестициони активности** | | |
| Директни продажби (-набавки) на материјални и нематријални средства | (29,095) | (3,381) |
| Зголемувања/намалувања на долгорочни вложувања | (23,487) | 0 |
| Зголемувања/намалувања на дадени заеми | | |
| Зголемувања/намалувања на дадени аванси | | |
| **Нето(одливи)/ приливи од инвестициони активности** | **(52,583)** | **(3,381)** |
| **В.Готовински текови од финансиски активности** | | |
| Зголемување на капиталот | 16,100 | - |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | - | - |
| Зголемување/намалување на одложени приходи | | - |
| Ревалоризационен кусок од проценка на основни средства | 5,999 | |
| Исправка на грешки во претходни периоди | | - |
| Откуп/продажба на сопствени акции | - | - |
| **Нето(одливи)/ приливи од финансиски активности** | **22,099** | **-** |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(3,462)** | **(51,894)** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **16,008** | **67,902** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **12,546** | **16,008** |

**7.Извештај за паричните текови за годината која завршува на 31 декември 2018** ( во илјада денари )

| | Акционерскикапитал (удели) | Резерви | Акумиларанадобивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојбана 1 јануари 2017 година** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(261,072)** | **2,513,941** |
| Нова емисија (уплата од сопствениците) | - | - | - | - |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | (16,186) | (16,186) |
| Реинвестирана добивка | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - |
| Разлика меѓу набавна и ревалоризациона вредност | - | - | - | - |
| Државна поддршка | - | - | - | - |
| Ревалоризационен вишок од проценка на основни средства | - | - | - | - |
| **Состојбана 31 декември 2017 година** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(277,258)** | **2,497,755** |
| Добивка распределана на сопствениците | | | | |
| **Состојбана 01 јануари 2018 година** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(277,258)** | **2,497,755** |
| Исправка на грешки во претходни периоди | | | - | - |
| Влијание на промените на сметководствени политики | | | | |
| **Корегирана состојбана 01 јануари 2018 година** | **1,464,677** | **1,310,336** | **(277,258)** | **2,497,755** |
| Новае мисија (уплата од сопствениците) | 16,100 | - | - | - |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | (11,614) | (11,614) |
| Реинвестирана добивка | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - |
| Разлика меѓу набавна и ревалоризациона вредност | - | (18,570) | 18,570 | 0 |
| Државна поддршка | - | - | - | - |
| Ревалоризационен кусок од проценка на основни средства | - | 5,999 | - | - |
| **Состојбана 31 декември 2018 година** | **1,480,777** | **1,297,766** | **(270,302)** | **2,486,141** |
| Исправка на грешки во претходни периоди | | | | - |
| Влијание на промените на сметководствени политики | | | | |
| **Корегирана состојбана 31 декември 2018 година** | **1,480,777** | **1,297,766** | **(270,302)** | **2,508,240** |

**8. Белешки кон финансиските извештаи**

**1. Општи податоци**

Друштвоте за изградба, управување и издавање повеќенаменски сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ – Скопје со кратко име БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ –Скопје (во понатамошниот текст “Друштвото”) е Друштво основано во Република Македонија на 4 јули 2006 и како единствен спствeник се јавува Влада на Република Северна Македонија. Адреса на неговото регистрирано седиште е ул. 8-ми Септември бр. 13.

Друштвото има надзорен одбор кој се состои од следниве членови:

- Мишо Марковски , претседател
- Роберто Радески, член
- Стефан Трајковски, член
- Муедин Зибери
- Горан Шумански

Управител е Александар Петровски и истиот има ограничени овластувања за склучување договори до 1/5 од вредноста на основната главнина, над кое е потребна согласност од Владата како единствен содружник.

Основната дејност на Друштвото е Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)- (шифра 68.20 )

Просечен број на вработени во Друштвото со состојба на 31 декември 2018 година изнесува 75 лица (2017 : 76 лица)

**2. Основа за подготовка**

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004 ...187/2015) и Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РМбр. 159 од 29 декември2009 година, бр. 164 од 2010 година и 107 од 2011 година).

Финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба доколку постојат, кои се мерат по објективна вредност. Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени и објавени во Републиката и бара употреба на сметководствени проценки.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики.

Овие финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2018 и 2017. Тековните и споредните податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

**2.1. Користење на проценки и расудувања**

При подготвување на овие финансиски извештаи Друштовото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои не можат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации. Проценките се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективна вредност на побарувањата, односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективна вредност на вложувањата расположливи за продажба и слично.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била заснована проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефеките од промената на сметководствените проценки се влкучуваат во утврдување на нето добивката или загубата во периодот на промената и/или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

**2.2. Континуитет во работењето**

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

**3. Основни сметководствени политики**

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

**3.1. Трансакции во странска валута**

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот на финансиската состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога тие настануваат.

Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот на финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.495 | 61.4907 |
| 1 УСД | 53.6887 | 51.2722 |
| 1 ГБП | 68.1234 | 69.3087 |

**3.2 Недвижности, постројки и опрема**

Друштвото, недвижностите ги мери по модел на ревалоризациона набавна вредност, а постројките и опремата по набавна вредност.

Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. Поправките и одржувањата се прикажуваат како трошок во моментот на нивно настанување и влегуваат во оперативните трошоци.

**3.3 Нематеријални средства**

Нематеријалните средства се состојат од софтверски пакети и се прикажуваат според нивната набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација.Трошоците поврзани со одржувањето на софтверот се признаваат како трошоци во моментот на нивно настанување.

**3.4 Депрецијација**

Депрецијацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално, со цел набавната вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет корисен век. Изградените средства се амортизираат од моментот на нивното ставање во употреба. Депрецијацијата не се пресметува на инвестициите во тек.

Проценетиот век на употреба на ставките на недвижностите, постројките и опрема и нематеријалните средства се како што следи:

| | |
|---|---|
| Згради и објекти | 10-40 години |
| Опрема | 10 години |
| Возила | 4-10 години |
| Останата опрема | 4-10 години |
| Нематеријални средства | 4 години |

### 3.5 Вложување во недвижности

Според МСС 40 –Вложување во недвижности, претставува вложување во змјиште или згради или дел од згради или двете заедно, што се чуваат од страна на сопственикот или наемателот во финансиски наем за да се заработуваат наемнини или за зголемување на вредноста на капиталот или за двете заедно, намести да бидат употребени за административни цели или за продажба во редовниот тек на работење. Вложувањето во недвижности се признава како средство доколку

- Веројдатно е дека ентитетот ќе има орилив на идни економски користи кои се поврзани со вложувањето во недвичности
- Набавната вредност на вложувањето во недвижности може веродостојни да се измери

Во друштвото се применува моделот на објективна вредснот на вложувањата во недвижности. По првичното признавање, сите вложува во недвижности се мерат според објективната вредност. Добивката или загубата која произлегува од промената на објективната вредност, треба да се признае во добивката или загубата за периодот за кој настанала.

### 3.6 Оштетување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно оштетување. Средствата кои се амортизираат се
предмет на анализа за можноста за нивно оштетување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствената вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради оштетување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

### 3.7 Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средствата и обврските се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиската состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

### 3.8 Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната и нето продажната вредност.Набавната вредност се состои од фактурната вредност, транспортните трошоци и другите зависни трошоци.Залихите се водат според методата на просечни цени.

### 3.9 Финансиски инструменти

Сите финансиски инструменти иницијално се признаваат според пазарната вредност вклучувајки ги директните зависни трошоци на трансакција.

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба.

### 3.10 Побарувања од купувачите, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачите за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работењето. Побарувањата од купувачите се искажани според нивната номинална вредност намалена за соодветните исправки за пресметани ненадоместливи износи. Исправка за обезвреднување на побарувањата се прикажува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да биде во можност да ги наплати сите доспеани износи во согласност со оригиналните услови врз кои се настанати побарувањата.
Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се обезвредени.

Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и историското искуство и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањата повеќе не е веројатна.Сметководствената вредност на средството се намалува преку исправката на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех). Кога побарувањето е ненаплатливо, истото се отпишува за сметка на исправка на вредноста на побарувањата. Последователните наплати на претходно отпишанати побарувања и соодветното намалување на исправката се признаваат како приход.

### 3.11 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од средствата на трансакциските сметки, благајни и останати високо ликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертибилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

### 3.12 Основна главнина и акумулирана добивка/загуба

а) Основна главнина

**Во вкупниот капиталот на друшвото ги класифицира:**

- **вложени средства (паричен и непаричен влог) на осовачот запишан во Централниот регистар на РМ**
- **сопствени удели кои се одземаат од вкупниот капитал се додека истите не се продадат**
- **ревалоризациони резерви врз основа на добивки (загуби) од материјалните средства и финансиските средства расположиви за продажба**
- **резервен фонд како издвојување 5 % од добивката за тековна година а согласно Законот за трговски друштва. Издвојувањето завршува се додека резервите не достигнат износ од 1/10 од основната главнина**
- **тековната добивка (загуба) е добивката (загубата) што се добива од билансот на успех по оданочување.**
- **Акумулирана (загуба) ги вклучуваат задржаните добивки (непокриените загуби) од претходните периоди**

### 3.13 Финансиски обврски

Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од обврските спрема добавувачи и останати обврски и позајмици.

*Обврски спрема добавувачи*

Обврските кон добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок една година или помалку од една година. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како нетековни обврски. Обврските спрема добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарање на останатите приходи.

*Позајмица*

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност. Позајмиците се клафицирани како тековни обврскиосвен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 3.14 Данок на добивка (Годишен данок на непризнаени даночни расходи)

**Данокот од добивка се пресметува на даночната основа искажана во Даночниот Биланс. Според законските прописи, данок на добивка се плаќа по стапка од 10 %.**

**Даночната основа е збир на на добивката пред оданочување искажана во Билансот на успех и**

**непризнаени расходи за даночни цели и тоа:**

- неисплатени плати
- пресметани трошоци над просечната цена на материјали и трговски стоки
- разликата меѓу трансферната цена и пазарната цена во прометот помеѓу поврзани лица
- трошоци на вработени кои не се признанени како трошоци за даночни цели во ЗДД
- репрезантација и спонзорства над предвидениот лимит според ЗДД
- отпишани побарувања
- исплати на невработени лица (членови на управен одбор , продажни агенти и сл)
- Амортизација повисока од амортизација пресметана по пропорционална метода
- Преостаната сегашна вредност на основните средства
- Исплатена дивиденда
- извршени резервирања

### 3.15 Надоместоци за вработените

Бруто платите на вработените се плаќаат во висина на договорот склучен со работодавецот. Придонесите од плата (Пензиско и здравствено осигурување, дополнително здравствено осигурување и вработување) од 27 % се плаќаат на даночна основа која е бруто плата.Персоналниот данок од 10 % се плаќа на износот на бруто плата намалена за износот на платени придонеси и за персоналното годишно даночно ослободување.

### 3.16 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на извештајот за финансиска состојба.

### 3.17 Признавање на приходите и расходите

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односнонадоместокот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги,нето од данок на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Друштвото, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Друштвото.

*Приходи од обезбедување на услуги*

Приходите од обезбедување на услуги се евидентира споредстепенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

*Финансиски приходи и трошоци*
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот пренос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоците за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата за задоцнети плаќања.
*Расходи од деловното работење*
Расходите од деловното работење се признаваат во добивки и загуби во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

**3.18 Значајни сметководствени проценки**

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

*Критични проценки во примена на сметководствени политики*

*Оштетување на побарувањата*

Компанијата ги проверува своите побарувања на денот на известување за да направи процека за оштетувањето најмалку на годишно ниво. Компанијата прави проценка дали загубите од оштетувањето треба да бидат забележани во Извештајот за сеопфатна добивка врз основа на постоењето на реални податоци кои даваат индикација за намалување во предвидените идни готовински текови. Овој доказ во основа вклучува реални податоци кои даваат индикација за постоењето на неповолни промени во платежниот статус на клиентите, или меѓународните и локални економски услови. Раководството прави проценки кои се базираат на искуства од минати загуби за средства со карактеристики на кредитен ризик и објективни докази за оштетување слични на оние во портфолиото кога прави план на идните готовински текови.
Методологијата и претпоставките кои се користат за проценка на износот и времето на идните готовински текови редовно се разгледуваат со цел да се намалат разликите меѓу предвидените загуби и вистинските загуби.

*Клучни извори на несигурност во проценките*

Раководството на Компанијата смета дека на датумот на билансирањето не постојат клучни извори на несигурност во проценките, со значаен ризик од можни материјално значајни корекции врз износите на средствата и обврските во текот на следната финансиска година.

**9. Активности на Друштвото во текот на 2018 година**

1. На ден 04.02.2018 година се одигра натпревар од СЕХА лигата помеѓу екипите на РК Металург и РК Војводина. Металург го доби првиот натпревар во новата календарска година со победа над Војводина од 30-26.




2. На ден 10.02.2018 година се одигра пријателски натпревар помеѓу женските кошаркарски репрезентации на Македонија и Хрватска во кој Македонија убедливо загуби со резултат 47-108.




3. На ден 10.02.2018 година во Vip МАЛА САЛА гостуваше еден од најдобрите балкански хип хоп состави, незаменливите “Bad Copy“.




4. На ден 10.02.2018 година во Vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава на која настапија “G.M.S.” кои се дел од светската транс сцена.






5. На ден 16.02.2018 година во Vip МАЛА САЛА концерт одржаа “Sneakers” или најдобриот “Depeche mode” трибјут бенд кој доаѓа од Италија. Sneakers се единствени по своите живи настапи кои вклучуваат видео, светлосни ефекти и оригинално лајв искуство, а досега настапувале на стотици фестивали.





6. На ден 16.02.2018 година заеднички концерт одржаа српските изведувачи Стефан Цуриќ Раста и Ана Николиќ.





7. На ден 17.02.2018 година во организација на Урбан денс продукција во Vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава со настап на најенергичниот бенд на светската музичка сцена “Vini Vici”.




8. На ден 17.02.2018 година се одрша концерт на Мишо Ковач. По долги 20 години македонската публика конечно доби можност да ужива во песните на легендарниот хрватски пејач.




9. На ден 22.02.2018 година се одржа 21-во издание на популарната манифестација ЗЛАТНА БУБА МАРА НА ПОПУЛАРНОСТА.




10. Од 23-24.02.2018 на Vip ЛИЗГАЛИШТЕТО во организација на Федерацијата за Лизгачки Спортови на Македонија и СЦ Борис Трајковски, се оддржа вториот по ред меѓународен натпревар "Skopje on ICE 2018", во чии рамки се бодуваа и доделија награди за Национални прваци во уметничко лизгање за 2018 година, во ИСУ категориите: Advanced novice girls, Advanced novice Boy, Junior Ladies, и Senior Ladies.




11. На ден 24.02.2018 година во Vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава на која што настапуваше една од најквалитетните и уникатни артисти на современиот техно звук, девојката која потекнува од Јапонија „HITO“.




12. На ден 27.02.2018 година концерт одржаа германските пионери на електронската музика, легендарните KRAFTWERK кои настапија со извонредното 3D шоу од нивната актуелна и исклучително успешна светска турнеја.




13. На ден 05.03.2018 година во организација на „Авалон Продукција“ за прв пат во Скопје концерт одржа еден од најголемите американски бендови на сите времиња „Тото“. Концертот беше во рамките на јубилејната турнеја по повод 40 години од нивното постоење.




14. На ден 07.03.2018 година се одигра натпревар од СЕХА лигата помеѓу екипите на РК Металург и РК Мешков Брест. Металург извојува значајна победа против тимот на Мешков Брест во 16. коло на СЕХА-лигата од 37-33.






15. На ден 09.03.2018 година во Vip АРЕНАта настапи светскиот број 1 транс дј и продуцент „Astrix“ и специјалниот гостин DJANTRIX.




16. На ден 09.03.2018 година во Vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава на која настапија „PRTI BEE GEE“ кои важат за едни од највлијателните на балканската хип хоп сцена.





17. На ден 10.03.2018 година во Vip МАЛА САЛА во организација на Кик бокс федерација на Македонија се одржа првото Државно првенство во ММА и MUAY THAI.






18. На ден 12.03.2018 година настап во Vip АРЕНАТА имаше светската атракција “Fire of Anatolia” со нивното спектакуларно шоу. “Fire of Anatolia”, со потекло од митолошката и културната историја на Анадолија, е уникатен проект кој содржи 3.000 танцови фигури и народна музика, кои се составени од речиси секој регион на Анадолија





19. На ден 18.03.2018 година се одигра натпревар од СЕХА лигата помеѓу екипите на РК Металург и РК Цеље во кој Металург извојува извонредна победа против фаворизираниот тим на Цеље ПЛ со резултат 28-26.




20. На ден 31.03.2018 година во Vip МАЛА САЛА концерт одржаа "Mr. Ziggy And The GlassSpiders", трибјут бендот за легендарниот David Bowie. На концертот имаше и дуети на кои настапија наши домашни музички артисти кои заедно со Mr. Ziggy And The GlassSpiders ги отпејаа безвременските дуети на Дејвид Боуви.




21. На ден 11.04.2018 година во Vip АРЕНАТА настапи најпосетуваниот танцов музичко-сценски спектакл на светот LORD OF THE DANCE на славниот Мајкл Флетли и го претстави своето ново шоу „Опасни игри".





22. Во деновите 18-19.04.2018 година Македонија беше домаќин на првиот Дигитален самит на Западен Балкан (# DSWB6) во Скопје. На самитот беа собрани претставници од влади, бизниси, регионални организации, граѓански организации, академици и млади со цел да се воспостави дигитална платформа за размена на идеи и предлози.







23. На ден 20.04.2018 година се одржа второто Државното првенство во Кик бокс. На првенството учествуваа 133 натпреварувачи со вкупно 141 пријава од вкупно 21 кик боксинг клуб.





24. На ден 21.04.2018 во Vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава на која настапија DigiCult, Egorythmia, Spirit Architect, како и домашните изведувачи Dare, Soundkillah i Humanoid.





25. На ден 21.04.2018 година се концерт одржа бугарскиот изведувач АЗИС.




26. На ден 28.04.2018 година се одржа концерт на една од најпопуларните музички групи на Балканот, групата Тропико.




27. Во период од 03.05.2018 година до 09.05.2018 година се одржа 30-от по ред Меѓународен саем на книгата.




28. На ден 12.05.2018 година во Vip МАЛА САЛА се одржа големо шоу на кое посетителите имаа можност да се дружат со омилените јутубери. Атмосферата беше предводена од Bobi Beatbox, GP, Winncoot, Steffonator, Bambo, Иван Ајнштајн, IB, Blostur, Darko Atanasovic, Antonio HD, BonnoTV, LordOFails, Андреј Прави Влогови и Nikola's Art House.





29. На ден 19.05.2018 година во организација на Авалон продукцијаконцерт одржа Ѓорѓе Балашевиќ, кој што со овој концерт прослави 40 години од својата музичка приказна.





30. На ден 02.06.2018 година се одржа 3-то Државно првенство во Кик Бокс. Шампионатот се одржа во Vip МАЛАТА САЛА во организација на Кик боксинг федерацијата на Македонија со учество на 77 натпреварувачи од 17 клубови. Во склоп на првенството се одржа и подготвителен судиски семинар за судиите на татами и на ринг.





31. На ден 10.06.2018 година се одигра натпревар помеѓу машките ракометните селекции на Македонија и Романија. Сениорската машка ракометна репрезентација оствари заслужена победа од 32-24 против репрезентацијата на Романија, за солидна предност пред реваншот од баражот за СП 2019 што во среда ќе се игра во градот Клуж.






32. Во период од 27.07 до 05.08.2018 година Скопје беше домаќин на Европското првенство во кошарка за мажи до 18 години Дивизија Б.







33. На ден 09.09.2018 година се од одигра натпревар помеѓу екипите на РК Металург и РК Нексе. Металург е поразен од Нексе со 27-32 во третиот натпревар во регионалната СЕХА лига.






34. На ден 16.09.2018 година Македонската кошаркарска репрезентација одигра одличен натпревар против Романија и оствари многу значајна победа од 90:76 во второто коло од претквалификациите за ЕП 2021. Триумф кој не носи чекор поблиску до главната квалификациска рунда.




35. На ден 19.09.2018 година се одигра натпревар од СЕХА лигата помеѓу РК Металург и РК Извиѓач во која Металург, и покрај големата желба, не успеа да ги израдува своите навивачи со прва победа во сезоната




36. На ден 23.09.2018 година се одигра натпревар од Лигата на шампиони помеѓу екипите на РК Металург и РК Бешикташ.




37. На ден 21.09.2018 година се отвори Европска недела на спортот. Во комплексот на СЦ Борис Трајковски се одржаа дел од спортските содржини припремени за спортската недела. Агенцијата за млади и спорт беше носител на проектот на Европската комисија „Европска недела на спортот" која од 23-30.09 се одржува на територија на цела Европа, па и кај нас.






38. Во период од 27-30.09.2018 година Скопје беше домаќин на едно од најзначајните натпреварувања во светското борење, Светското првенство во борење за ветерани.





39. Во период од 09-14.10.2018 година се одржа 44-от Меѓународен саем на мебел. На Саемот имаше повеќе од 70 изложувачи, над 150 брендови и странски изложувачи на површина од 8.000 м2.





40. На ден 17.10.2018 година во рамките на шестото коло на СЕХА-лигата, се одигра средба меѓу екипите на РК Металург и на РК Железничар Ниш. Гостите славеа со минимални 29:30 (13:16).






41. На ден 19.10.2018 година во организација на Авалон Продукција се одржа концерт на светски познатото дуо, виртуозите на виолончела „2 Cellos“. Концертот беше во рамки на нивната турнеја „Score“ 2.





42. Во период од 20.10-21.10.2018 година во Vip БАЗЕНОТ се одржа меѓународниот пливачки митинг 13-ти Ноември.






43. На ден 20.10.2018 година РК Металург одигра одличен натпревар против фаворизираниот РК Татран Прешов и ја забележа својата прва победа во тековната сезона.РК Металург обеди со резултат 30:28 (15:11) и ги освои првите три бода.





44. На ден 20.10.2018 година во организација на Sun Production во vip МАЛА САЛА се одржа вечерна забава на која што настапи Берлинскиот ДЈ и продуцент Elektric universe.




45. На ден 21.10.2018 година се одржа 6-тиот Национален Абакус Натпревар во организација на BRAINOBRAIN Македонија.




46. Во период од 24-28.10.2018 година се одржа 44. Меѓународен саем на металургија, електроника, енергетика, неметали, градежништво, обезбедување и заштита. На површина од 5.000 квадратни метри се претставија околу 70 изложувачи од Македонија, Хрватска, Србија, Бугарија и Грција.





47. На ден 02.11.2018 година се одржа хуманитарен концерт во чест на трагично загинатиот Тоше Проески, на кој беше промовиран неговиот нов албум „Тајно место“.





48. На ден 03.11.2018 година vip МАЛА САЛА во организација на Sun production се одржа вечерна забава на која што настапи светскиот број еден LIVE PERFORMER DJ Matador.





49. На ден 04.11.2018 година се одигра натпревар од Лигата на шампиони помеѓу РК Металург и РК Чеховски Медведи. РК Металург победи со резултат 25:24.




50. На ден 07.11.2018 година се одигра натпревар од СЕХА Лигата помеѓу РК Металург и РК Стеауа. Металург загуби минимално со резултат 28:29.




51. Во период од 08-11.11.2018 година се одржа 48-миот по ред Меѓународен турнир во бокс "Златен гонг", оваа година со учество на најдобрите боксери од Македонија, Србија, Словенија, Полска, Косово, Албанија, Бугарија и Романија.




52. На ден 08.11.2018 година се одигра натпревар од Лигата на шампиони помеѓу РК Металург и РК Спортинг. Металург го загуби овој натпревар со резултат 24:31.






53. На ден 10.11.2018 година во организација на Прагма продукција концерт одржа една од најголемите музички ѕвезди на овие простори и миленик на сите генерации Здравко Чолиќ.







54. На ден 14.11.2018 година во организација на Авалон Продукција концерт одржаа BRIT Floyd со нивното “The world`s greatest Pink Floyd show”, концепт кој е еден вид вистинска концертна омаж реплика на оригиналната поставка.






55. На ден 17.11.2018 година во организација на Прагма продукција втор концерт одржа Здравко Чолиќ.






56. На ден 24.11.2018 година во последниот натпревар на домашен терен оваа сезона во Лигата на шампионите, ракометарите на Металург загубија од Силкеброг со 33:29 и по девет одиграни натпревари во Ц-групата останаа само на една победа.





57. На ден 24.11.2018 во Vip Малата сала гостуваше еден од пионерите на психоделичниот транс со настап во живо - Logic Bomb. Специјални гости беа Yudhisthira, Djantrix.






58. Во период од 30.11-02.12.2018 се одиграа шест натпревари кои беа дел од европските квалификации група 4 фаза 1 за Светското првенство во ракомет за жени 2019. Натпреварите се играа по следниот рапоред:

- 30.11.2018 - 18:00 Македонија - Азербејџан
- 30.11.2018 - 20:00 Турција - Исланд
- 01.12.2018 - 18:00 Исланд - Македонија
- 01.12.2018 - 20:00 Азербејџан - Турција
- 02.12.2018 - 18:00 Исланд - Азербејџан
- 02.12.2018 - 20:00 Турција - Македонија




59. На 07-08.12.2018 година на Vip Лизгалиштето се одржа 7-от „Скопје ајс фестивал“. Хокеарите на Металург беа единствени македонски претставници, а на турнирот учествуваа и екипите на Торпедо Букурешт (Романија), Спартак Суботица (Србија) и Славија Софија (Бугарија).




60. На ден 08.12.2018 година во вип Арената се одржа дел од 20-тото издание на Таксират фестивалот во организација на Password production. На фестивалот настапија PENDULUM, MANDO DIAO, RAHZEL и The X-Ecutioners, NOUVELLE VAGUE, ДУБИОЗА КОЛЕКТИВ, THERAPY? и од македонската музичка сцена SMUT, SAF Sound System, TRAP DA FUCK UP и Културно Уметнички Работници.




61. На ден 15.12.2018 година во организација на Балан Медиа концерт одржа најголемата балканска фолк-дива Лепа Брена.




62. На ден 16.12.2018 година во Vip базенот се одржа третото коло од првата Градска зимска лига и Мастерс во пливање.




63. На ден 16.12.2018 година во Vip МАЛА САЛА се одржа турнир во кошарка, 3 x 3 и Мини баскет за лица со нетипичен развој. Турнирот се организира по повод Европска кошаркарска недела која веќе по 15ти пат се одржува низ 35 земји во Европа.




64. Во период од 21 - 23.12.2018 година во Vip Базенот се одржа Зимско национално првенство во пливање. Национално Првенство беше свечено отворено од Директорот на АМС Дарко Каевски, Претседателот на ПФМ Александар Маленко,Спортскиот Директор на МОК Владимир Богоевски и Претседател на ГПС Фарук Омераѓиќ.




65. На ден 23.12.2018 година во организација на Авалон продукција концерт одржа најголемата музичка регионална ѕвезда GIBONNI. Тој беше хедлајнер на овогодинешното издание на фестивалот “All you need is lov”. Настап на концертот имаше и нашиот познат гитарист Влатко Стефановски.




66. На ден 29.12.2018 година во организаијца на Балкан Мјузик, заеднички концерт одржаа Аца Лукас, Пеѕа Меденица и Милица Павловиќ.





67. На ден 29.12.2018 година организирано од Пливачка Федерација на Македонија се одржа Национално Првенство во Далечинско Пливање (зимско) 2018 год. 2,5км-Категорија 2003-2006г, 5км- категорија 2002г и постари.





68. На ден 31.12.2018 година Sun production организираше дочек Новата година. На забавата настапија Yudhisthira Fobi, Imaginary Sight, Celestial Intelligence, Cosmic Dimension, DreamDax - Axios Records, DJ Liquid-illusion - Cosmodelica Records и др.




Скопје,08.04.2019 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Александар Петровски

Изработил: Ленче Димовска
Марта Димитровска
Контролирал: Рената Стоилковска